**20130671428**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Врз основа на член 51, став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/07), министерот за локална самоуправа, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ОЦЕНУВАЧИ И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Правилникот за постапката за избор на оценувачи и методологијата за оценување на планските документи за регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/12) по членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

„Член 9-а

Оценувањето на планските документи за регионален развој може да се спроведе од донаторска организација која обезбедува техничка помош за носителите на политиката за рамномерен регионален развој, и во тој случај постапката за избор на оценувачи се спроведува според правилата кои се применуваат за донаторската организација.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1101/1
30 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Тахир Хани**, с.р.